# Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ
## Скопје

Извештај за работата во 2023 година

Скопје, 2024

# Скратеници

| | |
|---|---|
| АРТ | антиретровирусна терапија |
| Клиника за инфективни болести / Клиника | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби |
| МЗ | Министерство за здравство |
| ПЕП | постекспозициска профилакса |
| ПрЕП | предекспозициска профилакса |
| СИДА | синдром на стекнат имунолошки недостаток |
| ХИВ | вирус на имунолошки недостаток кај човекот |

# Содржина

4 „Заедно посилни“ во 2023 година: накратко за нашите остварувања

6 Преглед на работата на „Заедно посилни “ преку постигнатите резултати

1. Поддршка за луѓето што живеат со ХИВ

6 Лекување на луѓето што живеат со ХИВ

7 Директна поддршка и услуги за луѓето што живеат со ХИВ

8 Намалување на стигмата и дискриминацијата

2. Нашата грижа за јавното здравје

10 ХИВ-тестирање

11 Подигнување на свесноста за ХИВ-тестирањето

12 ХИВ-превенција: ПрЕП-програма

12 Политики и застапување во областа на јавното здравје

13 Техничка поддршка за националниот одговор кон ХИВ

3. Нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје

14 Националните политики за пристап до лекови

17 Партнери и соработници

18 Напредок кон постигнување на стратешките цели и резултати

24 Финансиски извештај

# **„Заедно посилни“ во 2023 година:** накратко за нашите остварувања

Делувањето на „Заедно посилни“ во текот на годината беше водено од петгодишната организациска стратегија за периодот 2021-2025; бездруго, Здружението беше доволно флексибилно за да ги приспособи своите акции кон контекстот – останувајќи на патот кон остварување на стратешките цели и зацртани резултати.

Во рамките на **првата стратешка цел**, која се однесува на **подобрување на статусот на луѓето што живеат со ХИВ** придонесовме да се развие предлог-текст за ново национално клиничко упатство за лекување на ХИВ-инфекцијата во согласност со меѓународните препораки. Во исто време ги следевме процесите за обезбедување на антиретровирусните лекови и придонесовме да се зголеми предвидливоста на самата набавка. Издејствувавме зголемување на средствата наменети за обезбедување терапија за 2024 година.

Нашите услуги за поддршка ги искористија вкупно 127 лица со ХИВ како директни корисници, а беа дадени вкупно 331 индивидуална услуга. Издадовме нов водич за антиретровирусна терапија со најсовремени и релевантни информации, кој ќе им помогне на пациентите со ХИВ поуспешно да се снајдат во процесот на лекување и да постигнат подобри и долгорочни резултати.

Документиравме 20 случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот, а позитивно беше разрешен еден случај на системска дискриминација од стратешко значење. Од друга страна, извршивме обука на 102 здравствени работници за работа со пациенти со ХИВ, како и сензитивизација за спецификите на дискриминацијата поврзана со ХИВ на претставници од 5 институции надлежни за постапување и санкционирање при случаи на дискриминација. Во исто време, започнавме соработка со Управата за електронско здравство во насока на подобра заштита на чувствителни податоци во електронскиот здравствен систем.

Во рамките на **втората стратешка цел**, која се однесува на **нашиот придонес како организација во ставањето крај на епидемијата на ХИВ до 2030 година**, спроведовме 197 ХИВ-тестирања и дистрибуиравме 54 комплети за самотестирање, при што беа дијагностицирани 2 лица со ХИВ. Ја спроведувавме програмата за предекспозициска профилакса (ПрЕП) во соработка со Клиниката за инфективни болести, како уникатна услуга во областа на превенцијата. Спроведовме низа активности за промоција на ХИВ-тестирањето.

Во делот на јавните политики го иницираме и поддржавме процесот на развивањеа нова национална стратегија за ХИВ за периодот 2024-2030; придонесовме за изготвување на економска евалуација на интервенциите од националната програмата за ХИВ, обезбедувајќи аргументи за соодветно инвестирање во превенцијата и лекувањето. Ја спроведовме анализата на каскадата на тестирање и лекување за 2022 година, со што обезбедивме увид од суштинско значење во однос на влијанието на националната програма за ХИВ.

Обезбедивме техничка поддршка за процесите на планирање на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2024 година, годишниот извештај на земјата до Европскиот центар за превенција и контрола на болестите и за работата на Националната комисија за ХИВ. Кон **третата стратешка цел**, која се однесува на зајакнување на сопствените капацитети, заедно со други пациентски организации за **решавање на заеднички структурни прашања во националниот здравствен систем** актуелизиравме занемарени аспекти на националните

политики за пристап до лекови, вклучувајќи и испитување на ставовите на релевантните институции. Мобилизиравме други здруженија на пациенти во дијалогот со надлежните институциите, преку којшто беа идентификувани насоки во кои треба да се развиваат националните политики областа на пристапот до лекови.

# Преглед на работата на „Заедно посилни“ преку постигнатите резултати

## 1. Поддршка за луѓето што живеат со ХИВ

*Стратешка цел 1: Да го подобриме статусот на луѓето што живеат со ХИВ во С. Македонија преку осигурување на стабилен систем за обезбедување современа терапија, услуги што одговараат на нивните потреби и поефикасна заштита од дискриминација.*

### Лекување на луѓето што живеат со ХИВ



#### Национално клиничко упатство за лекување на ХИВ

Придонесовме да се развие нацрт за национално **клиничко упатство** за лекување на ХИВ-инфекцијата, прво по 2015 година, но и прво коешто е во согласност со препораките за лекување на Европското клиничко здружение за СИДА и на Светската здравствена организација. Текстот на упатството влезе во постапка за усвојување од Министерството за здравство, во согласност со Законот за здравствена заштита. (1.1.3)

#### Зголемување на предвидливоста на процесот на набавка на антиретровирусни лекови

Со цел да ја зголемиме предвидливоста на годишната набавка во 2024 година иницирравме **консултација** меѓу клучните актери вклучени во обезбедувањето на антиретровирусните лекови – Министерството за здравство, Клиниката за инфективни болести, претставништвата на производителите на лекови и веледрогериите, како и претставници на пациентите, односно на Здружението. Беа разменети корисни информации во врска со планираните тераписки опции и количини, плановите и можностите на фармацевтските компании и идеи за надминување на предизвиците во досегашните процеси на набавка.

Ваквата консултација ќе овозможи понавремено и полесно планирање на набавката на лекови за 2024 година и може да функционира и во иднина како модел во надминување на несигурноста поврзана со обезбедувањето на лековите за ХИВ во Северна Македонија. (1.1.3)

### Зајакнато следење и застапување во врска со обезбедувањето лекови

Развивме организациски прирачник за следење и застапување во врска со процесите на обезбедување на антиретровирусните лекови, кој нуди методологија за нашето активирање во сите фази од процесот и зголемување на нашето влијание, почнувајќи од планирањето на соодветен буџет, па сè до успешното и навремено спроведување на годишната набавка. Врз основа на оваа методологија, за прв пат **изготвивме извештај** за спроведената јавна набавка на лекови за ХИВ во 2023 година, кој е наменет за донесувачите на одлуки вклучени во процесот, особено оние во Министерството за здравство и Клиниката за инфективни болести. Документот содржи аргументирани препораки за тоа како да се подобри процесот на набавка, вклучувајќи ги фазите на планирање и буџетирање. (1.1.4. и 1.1.5.)

## Директна поддршка и услуги за луѓето што живеат со ХИВ



Вкупно **127 лица со ХИВ ги искористија услугите за поддршка** на „Заедно посилни", вклучувајќи врсничка и психосоцијална поддршка, а беа дадени вкупно 331 индивидуална услуга. (1.5.3.)

| Типови на услуги | Број на услуги | Број на опфатени клиенти |
|---|---|---|
| индивидуална врсничка поддршка<br>- помош при подигнувањето терапија<br>- врснички советувања | 139 услуги<br><br>130 услуги | 68 лица<br><br><br>9 лица |
| групна поддршка | | 21 лице |
| советување од социјален работник или психолог | 78 советувања | 49 лица |
| ваучер за прехранбени и хигиенски производи | | 17 лица |
| дополнителен новогодишен ваучер за храна за новогодишните празници | | 15 лица |
| еднократна помош | | 1 лице |
| покривање на патни трошоци за подигнување терапија и/или здравствен контролен преглед | | 6 лица |

### Зголемена тераписка писменост

12 лица со ХИВ, дијагностицирани во последните 2 до 3 години, имаа можност да добијат сеопфатна дводневна **обука за тераписка писменост**. Со оваа активност придонесуваме кон повисоко ниво на информираност на пациентите за ХИВ-инфекцијата и повисок степен на придржување до антиретровирусната терапија.

### Нов водич за АРТ за пациентите




Издадовме ново и ревидирано издание на **водичот** за антиретровирусна терапија „Вовед во АРТ“ наменет за лица со ХИВ, кој им помага на пациентите да го разберат и полесно и поуспешно да се снајдат во процесот на лекување. Водичот нуди ажурирани информации за лекувањето, изборот на достапните тераписки опции, придржувањето до терапијата и сл. Тој е изработен врз основа на најновото издание на англиски јазик, кое е внимателно приспособено кон македонскиот контекст. (1.6.1)

## Намалување на стигмата и дискриминацијата



### Обучени 102 здравствени работници за работа со пациенти со ХИВ

Во соработка со Клиниката за инфективни болести, како и со ХЕРА, Клиниката за пластична и реконструктивна хирургија, Здружението на медицински сестри и Европската асоцијација на студенти по медицина (EMSA) и Клиниката за неврологија обучивме вкупно **102 здравствени работници** за работа со пациенти со ХИВ. Меѓу нив, **16 стоматолози** од различни географски региони добија подлабока дводневна **обука**, додека останатите беа опфатени со 3 неколкучасовни **работилници.** Во сите случаи, програмата содржеше обновување на информациите за ХИВ, како и аспект на сензитивизирање за работа со пациенти со ХИВ-инфекција и адресирање на присутната дискриминација во здравствениот сектор. (1.2.1)









### Сензитивизација за ХИВ на институции надлежни за дискриминација

За прв пат организиравме **работилница** за сензитивизација на институции што имаат надлежности во однос на заштитата од дискриминација поврзана со ХИВ, со која беа опфатени 9 претставника од 5 установи: Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за труд, Агенцијата за заштита на лични податоци и Министерството за здравство. Работилницата произведе заклучоци и препораки, кои беа споделени со одговорните лица на споменатите институции со цел да служат како референца при идно постапување во случаи на дискриминација поврзана со ХИВ. (1.2.4.)





### Документирани 20 случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот. Позитивно разрешен еден случај од стратешко значење

Меѓу нив, во 19 случаи беа повредени правата на лица врз основа на нивниот здравствен статус (ХИВ) и биле извршени од здравствени работници, додека во еден случај станувaше збор за системска дискриминација.

Во 13 од документираните случаи на лица со ХИВ им била одбиена здравствена услуга поради нивниот ХИВ-статус, додека во 6 случаи било повредено правото на доверливост. Во 2 случаи биле прекршени работничките права, а во еден случај било повредено човечкото достоинство како дел од здравствените права.

Во случајот на системска дискриминација, кој е од стратешко значење, станувaше збор за дискриминација на странски студенти на високообразовна институција, која бараше тие при уписот задолжително да приложат резултат од тест за ХИВ и хепатит Ц. Комисијата за заштита од дискриминација одлучи дека барањето на еден државен универзитет странските студенти задолжително да приложат ХИВ-тест како услов за упис е спротивно на Законот за заштита и спречување на дискриминација. Со тоа беше постигнат преседан на одлучување во полза на лицата со ХИВ во случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот. Дискриминаторската пракса беше отстранета од образовната институција.

**Заштита на податоците во електронскиот здравствен систем**

Отпочнавме соработка со Управата за електронско здравство и добивме финансиска поддршка за изработка на споредбена анализа во врска со заштита на чувствителни податоци во електронскиот здравствен систем и развивање предлог-регулатива што подобро ќе осигурат поголема заштита на податоците, во согласност со постојните закони и со стандардите на Европската Унија. Оваа иницијатива ќе се спроведе во текот на 2024 година.

# 2. Нашата грижа за јавното здравје

*Стратешка цел 2: Да придонесеме да се намали бројот/процентот на лица со ХИВ што не се свесни дека имаат ХИВ и да се создадат услови за ставање крај на епидемијата на ХИВ до 2030 г. – преку услуги во рамките на заедницата, подигнување на свесноста за ХИВ и насочување на јавните политики.*

## ХИВ-тестирање



**Реализирани 197 ХИВ-тестирања**

Реализиравме 197 ХИВ-тестирања меѓу геј и бисексуални мажи и други мажи што имаат секс со мажи, во рамките на пунктот за тестирање и преку програмата за ПрЕП. Дополнително, дистрибуиравме **54 комплети за самотестирање**.

**Дијагностицирани 2 лица со ХИВ**

Преку нашите услуги за ХИВ-тестирање и ПрЕП беа дијагностицирани 2 лица со ХИВ, кои добија советување и беа поврзани со Центарот за ХИВ при Клиниката за инфективни болести за да можат веднаш да започнат со терапија. (2.1.5.)

## Подигнување на свесноста за ХИВ-тестирањето

### Партнери во организирањето на Skopje Pride Weekend и изложбата „Сеќавајќи се на иднините“

Како партнери на културната манифестација Skopje Pride Weekend ја искористивме пригодата на отворањето за да го промовираме ХИВ-тестирањето. Воедно, еден од главните елементи на програмата за оваа година – изложбата „Сеќавајќи се на иднините“ на Карол Раѓишевски, меѓу другото содржеше повеќе референци на СИДА како дел од наследството на геј-заедницата, потсетувајќи на тој начин дека оваа епидемија е сè уште релевантна од различни аспекти. (2.1.3.)






### Промоција на ХИВ-тестирањето

Со цел да се зголеми бројот на луѓе во ризик од ХИВ коишто прават ХИВ-тест барем еднаш во годината, спроведовме насочени активности за подигнување на свесноста за ХИВ-тестирањето меѓу геј и бисексуални мажи. Тие вклучуваа објави на социјалните медиуми коишто го промовираа ХИВ-тестирањето и ПрЕП.

По повод Светскиот ден на СИДА, во соработка со центарот „Комитет“ на 2 декември организиравме драг-шоу, кое беше тематско и преку перформансите се осврна на историјата на ХИВ, а истовремено го актуелизираше ХИВ-тестирањето и поддршката кон луѓето што живеат со ХИВ, на кое присуствуваа околу 100 лица. Преку квиз беше направен обид за разбивање на вообичаени митови за преносот, превенцијата и лекувањето на ХИВ.

На настаните дистрибуиравме кондоми и лубриканти со сосема ново едукативно и мотивирачко пакување коешто ги упатува луѓето на три алатки за заштита на своето здравје: кондомот, ПрЕП и ХИВ-тестирањето како основно и исклучително важно, и ги насочува луѓето да го искористат новоразвиениот пресметувач на ризик, кој е достапен на страната на „Заедно посилни“. (2.1.4.)

### Развиена алатка за проверка на ризикот од ХИВ

Развивме он-лајн **пресметувач** на ризик кој е поставен на интернет-сајтот на „Заедно посилни“ и им помага на заинтересираните да проценат во која категорија на популации под ризик припаѓаат и да добијат насоки во однос на честотата со која е препорачливо да прават ХИВ-тест. (2.1.4.)

## ХИВ-превенција: ПрЕП-програма



### Обезбедивме континуирани услуги за ПрЕП

Успеавме да ја одржиме програмата за предекспозициска профилакса (ПрЕП) за ХИВ во соработка со Клиниката за инфективни болести и со поддршка од националната програма за ХИВ, како и од оперативниот грант од Европската Унија. По долгата пауза од 2022 година, повторно можеа да се вклучуваат нови заинтересирани лица во текот на целата година. (2.1.6.)

65 лица активно користеа ПрЕП на крајот од годината, но значително повеќе луѓе привремено ја користеа оваа услуга за превенција. Во рамките на ПрЕП-програмата се вршеше и скрининг за сифилис, хепатит Б и хепатит Ц. Едно лице со ХИВ беше дијагностицирано благодарение на оваа програма, во рамките на појдовниот скрининг пред започнување со ПрЕП. (2.1.6.)

## Политики и застапување во областа на јавното здравје

### Развиена нова национална стратегија за ХИВ, 2024-2030

На наша иницијатива и со наша техничка поддршка беше развиен предлог-текст за нова националната стратегија за ХИВ за периодот до 2030 година. Во консултативниот процес учествуваат сите релевантни институции и неколку граѓански организации, а стручна поддршка беше обезбедена од Светската здравствена организација. (2.3.2.)





**Економска евалуација на Програмата за ХИВ**

Помогнавме да се изготви економска евалуација на интервенциите од националната програма за ХИВ, која ја поткрепи проценката за неопходни средства за превенција и терапија во 2024 година и беше прифатена од Министерството за здравство. Проценетиот износ од 125 милиони денари беше предвиден и побаран од Министерството – иако, за жал, беше неосновано одбиен од Министерството за финансии, кое за Програмата за ХИВ за 2024 година првично предвиде ист износ како и за 2023, односно само 90 милиони денари. (2.2.2.)

**Зголемен буџетот на националната програма за ХИВ во делот на лекувањето**

Во соработка со ХЕРА развивме предлог за амандман на националниот буџет за 2024 година, кој влезе во собраниска процедура и беше усвоен. Како резултат на тоа, буџетот на Програмата за ХИВ беше коригиран од 90 милиони на 100 милиони денари (зголемување за 11%), а средствата за набавка на антиретровирусни лекови и поврзани тестови се зголемија на предвидениот потребен износ од 79 милиони денари. Застапувањето вклучуваше и состанок со Претседателот на Владата на Република Македонија и Министерот за финансии. (2.2.2.)

**Спречено понатамошно разорување на програмите за превенција**

Иако не беше овозможено толку потребното зголемено финансирање за превенција, нашите напори спречија понатамошно уништување на инфраструктурата и капацитетите за услугите за превенција насочена на клучните популации засегнати од ХИВ. Мало зголемување на средствата беше постигнато за програмите за мажи што имаат секс со мажи, вклучувајќи и ПрЕП, како и за програмите наменети за лица што инјектираат дрога. (2.2.2.)

**Анализа на каскадата на тестирање и лекување за 2022 година**

Користејќи ја методологијата и алатката на Европскиот центар за превенција и контрола на болестите (ECDC) и ја спроведовме годишната анализа на континуумот на услугите за ХИВ за 2022 година, чии резултати укажаа дека 72,5 % од вкупниот број лица што живеат со ХИВ во Северна Македонија се свесни за својот ХИВ-статус (2.3.1.)

**Застапување за препознавање на улогата на граѓанските организации во обезбедувањето здравствена заштита**

Инициравме консултација со партнерски организации и ги усогласивме ставовите за измените што би требало да се направат во предлогот за измени и дополнувања на Законот за здравствена заштита со цел да се регулира улогата на граѓанските организации во обезбедувањето здравствена заштита, кој беше одобрен од Владата во 2021 година и влезе во собраниска процедура, која подоцна беше прекината.

## Техничка поддршка за националниот одговор кон ХИВ

### Планирање на националната програма за ХИВ за 2024 година

Технички ги поддржавме процесите на планирање на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2024 година, во јуни и во декември, во рамките на коишто беа утврдени потребните износи за лекување и за превенција и преку коишто осигуривме да се предвиди неопходното ниво на финансирање за лекови и задржување на финансирањето на превенцијата на моменталното ниво, односно без дополнителни кратења. (2.3.2.)

### Подготвен годишниот извештај на земјата до Европскиот центар за превенција и контрола на болестите

На наша иницијатива и со наша техничка поддршка беше подготвен годишниот извештај до Европскиот центар за превенција и контрола на болестите (ECDC) врз основа на Даблинската декларација. За оваа цел спроведовме широк и инклузивен **консултативен процес** во којшто учествуваа одговорните институции, како и повеќе граѓански организации. Оваа активност придонесува националниот одговор кон ХИВ да биде заснован врз докази и да ги адресира клучните проблеми во епидемијата на земјата. (2.3.4.)




### Национална комисија за ХИВ

Обезбедивме техничка поддршка за работата на Националната комисија за ХИВ. Во 2023 година Комисијата одржа само еден важен состанок во декември којшто беше фокусиран на планирањето на Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција за 2024 година. (2.3.3.)

# 3. Нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје

*Стратешка цел 3: Да ги зајакнеме капацитетите на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и други пациентски организации за решавање на заеднички структурни прашања во националниот здравствен систем што влијаат врз пристапот до животоспасувачки лекови и квалитетот на здравствената заштита*



## Испитани ставовите на надлежните институции во однос на политиките за лекови

Во консултација со други здруженија на пациенти спроведовме мало истражување на политиките и ставовите на клучни институции со надлежности во обезбедувањето лекови во земјата. Истражувањето се фокусираше на стратешки прашања поврзани со пристапот до лекови, а особено процесите за ревидирање на позитивната листа, новата законска рамка за специјални договори за лекови (managed-entry agreements), како и со континуираната достапност на лековите што ги набавуваат Министерството за здравство и јавните здравствени установи. Истражувањето беше спроведено користејќи ја постапката за пристап до информации од јавен карактер и беа опфатени Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување и Генералниот секретаријат на Владата. (3.2.6.)

**Ставовите на надлежните институции во однос на пристапот до лекови за македонските граѓани**

Истражување на ставовите на надлежните институции во однос на политиките за лекови покажа дека иако постои јасна намера конечно да се одблокира процесот за ревидирање и осовременување на Листата лекови кои паѓаат на товар на Фондот, сепак, отсуствува јасна визија, стратегија или план за тоа што поточно треба да се постигне со овој процес и во кој временски рок. Одговорите на институциите не содржат убедливи информации и тврдења што би го отстраниле стравувањето дека и во иднина процесот на осовременување на позитивната листа може да биде жртва на слаба политичка волја, како што тоа беше случај во изминатите 15-тина години.

Министерството за здравство не даде одговор на прашањето дали има план, на краток или на среден рок, со кој граѓаните за чии болести лековите се покриваат преку програмите на Владата ќе се доведат во еднаква положба со оние граѓани за чии болести лековите се обезбедуваат преку Фондот за здравствено осигурување, според коешто имаат и право на рефундирање на средствата што ги платиле од џеб за да си го обезбедат лекот кој во даден момент не бил обезбеден институционално.

Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување немаат направено анализа и план за кои заболувања, односно за кои лекови и терапии е соодветно и исплатливо да се примени можноста за склучување посебни договори за лекови, што укажува дека овој пристап за намалување на трошоците за лекови и значително зголемување на нивната достапност нема изгледи да вроди со резултати во блиска иднина.

Во однос на проблемите со набавките на лекови може да се заклучи дека во Министерството за здравство нема конкретен сектор, одделение или административен службеник чија задача би била да ги следи случаите кога пациенти остануваат без лекови поради ненавремени или неуспешни набавки. Министерството, исто така, не води евиденција на ситуациите на недостаток на лекови при набавки што ги врши самата институција, како и универзитетските клиники, ниту анализа на причините за таквите инциденти.

## Инициран дијалог меѓу пациентските организации и институциите

На 17 ноември, 2023 г. организиравме консултативен **состанок** меѓу здруженија на пациенти и институциите кои имаат надлежности во обезбедувањето пристап до лекови за македонските граѓани, под наслов „Политики за пристап до лекови во Северна Македонија: унапредување на дијалогот меѓу институциите и здруженијата за заштита на правата на пациентите“. Состанокот се осврна на структурни и системски прашања поврзани со пристапот до лекови во Република Северна Македонија и имаше цел да идентификува насоки во кои треба да се развиваат националните политики од оваа област во наредниот период. На состанокот учествуваа номинирани претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Агенцијата за лекови и Бирото за јавни набавки, заедно со претставници на 6 здруженија на пациенти, како и Претставничката на Светската здравствена организација во Северна Македонија. Состанокот значително го подигна нивото на дискусија за оваа тема меѓу самите институции, како и меѓу нив и пациентските организации и резултираше со **заклучоци** кои се во линија на претходно усогласените позиции на пациентските организации. Овој состанок придонесува кон остварување на поставената стратешка цел „Заедно посилни“ да има развиено портфолио на работа на прашања поврзани со пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови. (3.2.4.)










# Партнери и соработници

Бевме посветени на партнерството и на соработката со граѓанскиот, владиниот и приватниот сектор, препознавајќи дека само со заеднички напори можат да се направат значајни и долгорочни позитивни општествени промени. Особено важни партнери во нашата работа во текот на 2023 г. беа:

- Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби
- Министерството за здравство на Република Македонија
- Алијанса за јавно здравје, Украина
- Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија
- Мрежата на организации што работат на ХИВ и туберкулоза во Југоисточна Европа
- ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје
- ХОПС – Опции за здрав живот
- СТАР-СТАР
- AIDS Action Europe
- Сите организации од Платформата за одржливост на сервисите за превенција и поддршка во врска со ХИВ
- Мрежата за заштита од дискриминација
- Мрежата против хомофобија и трансфобија
- Пациентски здруженија што работат на полето на здравствена заштита

## Благодарници

Управниот одбор на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ одлучи да им оддаде официјално и јавно признание на неколку поддржувачи, како признание за поддршката на лицата што живеат со ХИВ во неповолна социјална положба, во рамките на нашите активности за одбележување на Светскиот ден на СИДА 2023.

**Благодарница – како признание за партнерството и поддршката во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, 2023 година**

- МЕДИКОФАРМАЦИЈА ДОО СКОПЈЕ
- МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО СКОПЈЕ
- „New Moment Skopje"
- ПОЛИЕСТЕРДЕЈ
- Алкалоид КОНС
- КОНЕКТ

**Благодарница – како признание за исклучително залагање во грижата за луѓето што живеат со ХИВ**

- д-р Огнен Ивановски
- д-р Викторија Јовановска
- медицинска сестра Иснијe Стафа Љатифи
- Марија Петровска
- д-р Добринка Наунова Јовановска
- д-р Весна Семенакова Цветковска


ЗАЕДНО
ПОСИЛНИ




BARBIE GIRL







# Напредок кон постигнување на стратешките цели и резултати

## Стратешка цел 1
## *(за луѓето што живеат со ХИВ)*

### Очекувано влијание

| Очекувано влијание | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2023 г. |
|---|---|---|---|---|
| В.1. Луѓето што живеат со ХИВ ја уживаат користа од подобрен механизам за обезбедување на антиретровирусни лекови во согласност со дефинирани клинички упатства и поефективно санкционирање на дискриминацијата | В.1. Процент на пациенти со ХИВ што примаат тераписки комбинации во согласност со најновите препораки на Европското клиничко здружение за СИДА и/или на СЗО | 30% (2020) | ≥ 70% (2024) | Резултат: 60%<br><br>Во последниот квартал од 2023 година, веќе 60% од пациентите се лекуваа со тераписки комбинации во согласност со најновите препораки на Европското клиничко здружение за СИДА и/или на СЗО |

### Резултати

| Очекуван резултат | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2023 г. |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р1.1. Планирањето на потребите, буџетирањето и набавката на лековите за ХИВ се спроведува на методолошки поткрепен и транспарентен начин, земајќи ги предвид меѓународните препораки за лекување и очекуваното зголемување на бројот на пациенти | И1.1. Спроведувањето во пракса на развиен водич за планирање на процесите за обезбедување на антиретровирусна терапија е одразено во официјалната кореспонденција меѓу Клиниката за инфективни болести и Министерството за здравство во врска со проценетите количини и буџет | / | 2023 | Резултат: **делумно остварен**<br><br>Во 2023 имаше зголемена комуникација и кореспонденција меѓу Клиниката и МЗ во однос на надминување на предизвиците со обезбедување антиретровирусни лекови, а Министерството ги прифати побараните средства од Клиниката. Иако беше изработен внатрешен правилник на Клиниката за планирање на набавката на АРТ, тој не беше усвоен и сè уште не влезе во практична примена. |
| Р1.2. Создаден преседан во одлучување во прилог на пациентот при случаи на дискриминација поврзана со ХИВ-статусот | И1.2. Број на стратешки случаи на дискриминација што добиле поволна разрешница од релевантните установи за заштита од дискриминација | 0<br>(до 2020) | 2<br>(2025) | Резултат: **1**<br><br>Заклучно со 2023 година, „Заедно посилни“ документираше и процесираше вкупно 3 случаи на дискриминација кои може да се сметаат за стратешки. Притоа, еден од нив доби позитивна разрешница пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација. |
| Р1.3. Иницирaн дијалог на ниво на земјата за потребата да се осигури достапноста на есенцијални лекови | И1.3. Во МЗ е започнат партиципативен консултативен процес за ревидирање на националната листа на есенцијални лекови | / | 2023 | Резултат: **започнати чекори**<br><br>Во 2023 на формално ниво и со поддршка и од Светската здравствена организација иницирaвме дискусија со надлежните институции за потребата од ревидирање на националната листа на есенцијални лекови во согласност со најновата модел-листа на СЗО. Сепак, формален консултативен процес сè уште не е започнат. |
| Р1.4. Клучните антиретровирусни лекови се вклучени во националната листа на есенцијални лекови | И1.4. Националната листа на есенцијални лекови е усогласена со последната верзија на модел-листата на есенцијални лекови на СЗО во делот на АРВ лековите | / | 2024 | Коментар: Иако е покрената дискусија, процес на усогласување сè уште не е започнат. |
| Р1.5. Услугите за врсничка и психосоцијална поддршка подобро | И1.5. Најмалку една нова услуга за поддршка е воведена или преосмислена врз основа на | / | 2023 | Резултат: Како резултат на проценката на потребите на луѓето што живеат со ХИВ спроведена во 2022 година, беа воведени **две нови услуги** наменети за лица со ХИВ – |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| одговараат на потребите на луѓето што живеат со ХИВ | наодите од проценката на потребите на луѓето што живеат со ХИВ | | | основна обука за човекови права и интернет алатка за директна анонимна комуникација и врсничка поддршка . |

## Стратешка цел 2
## *(нашата грижа за јавното здравје)*

### Очекувано влијание

| **Очекувано влијание** | **Индикатор** | **Појдовна вредност** | **Целна вредност / година** | **Остварување до крајот на 2023 г.** |
|---|---|---|---|---|
| В.2. Северна Македонија ги постигнува целите на ОН до 2025 г. за контрола на епидемијата на ХИВ (како предуслов за ставање крај на СИДА до 2030 г.) | В.2. Процент на луѓе што живеат со ХИВ свесни за својот ХИВ-статус | 66% (2020) | 95% (2025) | Резултат: **72,5% (2022)**<br><br>Според анализата на континуумот на тестирање и лекување на лицата со ХИВ заклучно со крајот на 2022 година 72,5% од луѓето со ХИВ биле свесни за својот ХИВ-статус. Проценката за крајот на 2023 година ќе биде направена во 2024 г. |

### Резултати

| **Очекуван резултат** | **Индикатор** | **Појдовна вредност** | **Целна вредност / година** | **Остварување до крајот на 2023 г.** |
|---|---|---|---|---|
| Р2.1.а. Зголемена искористеност на услугите за ХИВ-тестирање во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ | И2.1.а. Процент на годишно зголемување на бројот на лица што направиле ХИВ-тест во ЗАЕДНО ПОСИЛНИ | 112 (апсолутен број) | 15% | Резултат: **21,6%**<br><br>197 теста биле направени на крајот на година преку услугите на „Заедно посилни“, вклучувајќи ја и програмата за ПрЕП, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | што претставува зголемување за 21,6% во однос на 162 тестирања изведени во текот на 2022 г. |
| Р2.1.6. Зголемена искористеност на услугите за ХИВ-тестирање за клучните засегнати популации во рамките на граѓанскиот сектор | И2.1.6. Процент на зголемување на бројот на мажи што имаат секс со мажи коишто направиле ХИВ-тест во центрите на граѓанските организации до 2025 споредено со 2020 | 1010 (апсолутен број) | 30% (2025) | (индикаторот ќе биде оценет на крајот од периодот на стратешкиот план) |
| Р2.2. Сеопфатен пакет на услуги за ХИВ и сексуално преносливи инфекции им е достапен на клучните засегнати популации во земјата, вклучувајќи и предекспозициска и постекспозициска профилакса, опции за самотестирање и скрининг за сексуално преносливи инфекции | И.2.2. ПрЕП и ПЕП се нудат како редовни услуги во рамките на националниот здравствен систем | / | 2022-2025 | Резултат: **делумно остварен**<br><br>Во текот на 2022 услугите за ПрЕП беа редовно достапни само за лицата што беа учесници во пилот-програмата спроведена во 2021 г., додека во текот на 2023 г. тие беа достапни за сите заинтересирани лица. Од друга страна, иако во 2022 г. беше направен преседан во најмалку 2 случаи на одобрување ПЕП при изложување на сексуален ризик, услугата престана да биде достапна поради недостаток на обезбедени залихи на лекови и фактот што прашањето не е решено системски. |
| Р2.3. Националниот одговор кон ХИВ се заснова врз докази и е насочен кон решавање на клучните проблематични точки во епидемијата на земјата | И2.3. Број на редовни годишни анализи на континуумот на грижата во врска со ХИВ спроведени во соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор | / | 4 (2025) | Резултат: **2**<br><br>До 2023 година беа спроведени 2 годишни анализи на континуумот на грижата во врска со ХИВ. |

## Стратешка цел 3
## *(нашата улога во унапредувањето на здравствените политики и системите за здравје)*

### Очекувано влијание

| Очекувано влијание | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2023 г. |
|---|---|---|---|---|
| В.3. Северна Македонија демонстрира силна заложба да го подобри пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови за своите граѓани | В.3. Стратешка дискусија во врска со пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови е отпочната на национално рамниште помеѓу граѓанското општество и релевантните владини сектори | / | 2023 | Резултат: во 2023 година **отпочна формална дискусија меѓу граѓанските (пациентски) организации и релевантните владини институции**, особено преку дијалогот одржан на 17 ноември. |

### Резултати

| Очекуван резултат | Индикатор | Појдовна вредност | Целна вредност / година | Остварување до крајот на 2023 г. |
|---|---|---|---|---|
| Р3.1. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ има подобрени организациски капацитети за остварување на својата мисија на транспарентен и отчетен начин | И3.1. Резултат од надворешна проценка на организациските капацитети на скала од 1 од 4 | 3 (2019) | ≥ 3,5 (2024) | (индикаторот ќе биде оценет на крајот од периодот на стратешкиот план) |
| Р3.2. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ има развиено портфолио на работа врз прашањето за пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови воопшто, во соработка со други групи на пациенти | И3.2. ЗАЕДНО ПОСИЛНИ отпочнало јавна и стручна дискусија за досега неадресирани аспекти на пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови, во соработка со други здруженија на пациенти | / | 2023 | Резултат: во 2022 и 2023 година **отпочна јавна и стручна дискусија за досега неадресирани аспекти на пристапот до животоспасувачки и есенцијални лекови**, во соработка со други здруженија на пациенти, особено преку брифот за јавна политика издаден во 2022 г., истражувањето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | на политиките и ставовите на надлежните институции и дијалогот одржан на 17 ноември, 2023 г. |

## Биланс на приходи и трошоци за 2023 година

Назив: **Здружение ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје**

Период на известување: **01.01.2023-31.12.2023**

| | *во денари* |
|---|---:|
| **Почетна состојба на 01.01.2022** | 1,655,705.00 |
| Приходи од камати | - |
| Приходи од позитивни курсни разлики | 27.00 |
| Приходи од грант-проекти | 9,913,837.00 |
| Приходи од надомест на трошоци | - |
| Приходи од донации | 404,195.00 |
| Приходи од доброволен прилог | - |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **10,318,059.00** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА НА РАСПОЛАГАЊЕ** | **11,973,764.00** |

| | |
|---|---:|
| Плати и надомест за плати | 3,512,450.00 |
| Дневници за службени пат и други надоместоци на вработени | 22,832.00 |
| Трошоци за исплатени хонорари врз основа на договори за дело | 1,209,429.00 |
| Трошоци за закуп на деловен простор, конференциски сали, опрема и сл. | 307,832.00 |
| Трошоци за комуникациски услуги (ПТТ, интернет и сл.) | 38,405.00 |
| Комунални трошоци (струја, вода, парно и сл.) | 110,105.00 |
| Канцелариски материјали и канцелариска опрема | 78,634.00 |
| Помошен материјал и материјали за обуки,тренинг и сл. | 24,117.00 |
| Трошоци за репрезентација, освежување и хотелски услуги | 567,968.00 |
| Транспортни трошоци (бензин, патарина, автобуски карти, такси превоз и патни трошоци за учесници) | 132,476.00 |
| Останати трошоци (сметководствени, ревизорски, нотарски и други услуги) | 235,314.00 |
| Трошоци за консултантски услуги | 281,790.00 |
| Трошоци за печатење, графичка дејност и вкоричување, фотокопирање и | 113,662.00 |
| Трошоци за реклама, трошоци за снимање видеа и сл | 46,751.00 |
| Помошти и донации | 163,000.00 |
| Трошоци за членарини | 225.00 |
| Банкарски провизии и агенциска провизија | 62,238.00 |
| Негативни курсни разлики | 21,701.00 |
| Останати услуги | 43,177.00 |
| Останати трошоци | 12,165.00 |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **6,984,271.00** |
| Данок на непризнаени трошоци | - |

| | |
|---|---:|
| **Крајна состојба на 31.12.2023 за пренос во наредната година** | 4,989,493.00 |
| Пресметани приходи од аванси - од претходната година | - |
| Обврски спрема добавувачи | 78,323.00 |
| Обврски спрема вработени | - |
| Обврски за неплатени даноци, плати и сл. | 9,777.00 |
| Обврски за неплатени хонорари | 87,995.00 |
| Обврски за неплатени данок за закупнина | - |
| Обврски за неплатени закупнина | - |
| **Вкупно средства на жиро-сметки за 01.01.2024** | **5,165,588.00** |







| |
|---|
| ЕУ Оперативен грант - 2023 |
| Алијанса за јавно здравје / Глобален фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија |
| Министерство за здравство |
| Ленис ДОО Љубљана |
| Донации од добротворни настани |

ЗАЕДНО ПОСИЛНИ

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ

Скопје

Работата на ЗАЕДНО ПОСИЛНИ во 2023 г. беше овозможена со финансиска поддршка од:

Годишната работна програма е поддржана од Европската Унија

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Годишната работна програма е поддржана од Европската Унија.
Оваа публикација е издадена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје и не ги одразува ставовите на Европската унија или на останатите донатори.